# Поплави - опасности од животни и инсекти

Информации како да се постапува во врска со животни и инсекти после поплава

**Macedonian | Македонски**

**OFFICIAL**

Кога се враќате во област во која имало поплава, диви животни - вклучително глодачи, змии или пајаци - може да останале затворени во вашата куќа, шупа или градина.

## Справување со змии

- Кога сте надвор:
  - ✓ носете цврсти чизми, ракавици и долги пантолони за да си ги заштитите нозете
  - ✓ особено внимавајте на рацете и нозете кога расчистувате после поплава
  - ✓ ако видите змија, повлечете се и дозволете ѝ да замине - не ја допирајте
  - ✓ внимавајте на змиите што пливаат во водата
  - ✓ треба да го отстраните ѓубрето околу куќата, зашто може да привлекува змии, пајаци и глодачи.

- Ако најдете змија во вашата куќа, не паничете, повлечете се полека и дозволете ѝ да замине. Не ја допирајте. Јавете се на Министерството за природна околина, земја, вода и планирање (Department of Environment, Land, Water and Planning) на 136 186 за список на заловувачи на змии во вашата област.
- Ако ве касне змија:
  - ✓ не ја мијте кожата околу каснатото место
  - ✓ останете мирни и побарајте итна медицинска помош на 000
  - ✓ легнете или седнете, при што каснатото место треба да биде пониско од вашето срце.
  - ✓ покријте го местото со чиста и сува преврска. Ако е можно, се препорачува стегнување со завој околу каснатото место.
  - ✓ запишете го времето на каснувањето и кога е ставен завојот.
  - ✓ не ја стегајте раката или ногата со ремен или нешто слично над каснатото место, не ја засекувајте раната за да излезе отровот и не се обидувајте да го ишмукате отровот од раната.

## Справување со пајаци

- Ако ве касне пајак:
  - ✓ измијте го местото и ставете облоги од мраз (ice packs) заради смирување на болката
  - ✓ не го притискајте местото
  - ✓ веднаш побарајте медицинска помош ако ве каснал пајак со црвен грб (redback spider) или ако симптомите се влошуваат.

## Справување со глодачи и инсекти

- Глодачите, како што се глувците и стаорците, пренесуваат заразни болести. Треба да ја отстраните храната и другите работи во кои може да се кријат глодачи.
- Исфрлете го ѓубрето и ставете капак на кантата за отпад. Ако е потребно, на суви места ставете стапици за глодачи.
- Држете се настрана од застојана вода, бидејќи во неа се размножуваат комарци. Покривајте го телото што е можно повеќе и користете средства против комарци (mosquito repellent).
- Мувите пренесуваат заразни болести. Веднаш исчистете ги остатоците од храна затоа што во нив се размножуваат муви.
- Ако ве каснало или повредило животно или ве каснал инсект, побарајте совет од вашиот доктор или јавете се на NURSE-ON-CALL 24 часа дневно, 7 дена во неделата, на 1300 60 60 24.

За да ја добиете оваа публикација во достапен формат, пратете имејл на pph.communications@health.vic.gov.au